„ОДРЖЛИВА СРЕДИНА И ЕФЕКТИВЕН РАЗВОЈ ЗА МЛАДИТЕ"
("Sustainable Environment and Efficient Development for youth - SEED4Youth")

SEED4Youth



# Е-ДОКУМЕНТ СО НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ

European Commission

ЕВРОПСКИ СОЛИДАРЕН КОРПУС

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

## ВОВЕД:

Коалиција на младински организации СЕГА, заедно со своите локални волонтери, спроведе низа активности кои беа дел од солидарниот проект ***„Одржлива средина и ефективен развој за младите“***. Проектот е финансиски поддржан од Националната Агенција за Европски образовни програми и мобилност, преку Европски Солидарен Корпус.

## ОПШТА ЦЕЛ НА ПРОЕКТОТ:

Зголемена свест и граѓанско учество на младите во демократскиот живот во општина Прилеп.

## СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ:

- обезбедување на можности на младите да се вклучат во активности на пет различни теми, преку кои волонтерите на СЕГА и локалните млади би биле мост помеѓу предизвиците и развојот на заедницата;
- подигање на свеста кај локалното населението за важноста на учеството на младите во демократскиот живот и процеси, промоција на Европските вредности, мотивирање на локалната заедница да стане подобро информирана и дигитално подготвена, со што би придонело за превенција од пандемијата;
- адресирање на потребите и клучните предизвици во нашата заедница преку спроведените активности со младите, како и промовирање на истите преку Позициски Документ.






## РАБОТИЛНИЦА „ДИГИТАЛНИ АЛАТКИ“

Преку работилницата младите учесници ги надоградуваа своите дигитални вештини, се запознаа со терминот „активен граѓанин“ и како може да бидат активни граѓани преку користење на дигитални алатки и веб страни од институции на локално ниво. Воедно беа информирани како може да придонесат во заедницата како активни граѓани користејќи ги своите дигитални вештини.

### КОРИСТЕНИ АЛАТКИ:

Апликација "Rolljak", официјални веб страни на локални институции - во насока на како подобро да ги користат електронските услуги, споделување на видео анимација за користење на веб страната од Агенција за заштита на право на слободен пристап до информации од јавен карактер, како и беа информирани и за е-услугите кои се достапни за граѓаните и како да се информираат, кои се нивните права и обврски како граѓани и со тоа како можат да си помогнат, а воедно и да придонесат во средината во која живеат.



## ЕКОЛОШКА АКЦИЈА „ПОТРАГА ПО ОДРЖЛИВОСТ“

Преку еколошката акција младите имаа за цел да промовираат еколошко прифатливо однесување и создавањето на навики за квалитетна животна средина. Еколошката акција беше ралризирана непосредно во близина на Прилепското езеро.
Младите волонтери и активисти покрај еколошката акција, промовираа и еколошко прифатливо однесување на граѓаните.

### КОРИСТЕНИ АЛАТКИ:

Со цел видливост за еколошката акција и промовирање на еколошко прифатливо однесување, волонтерите го информираа локалното население за акцијата преку лепење на самолепливи стикери со QR код, на претходно мапирани локации низ центарот на градот.

**ЛИНК ДО ВИДЕО:** https://bit.ly/3F6eVCr



## РАБОТИЛНИЦА „ДЕМОКРАТИЈАТА НА СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ“

Преку работилницата младите учесници ги надоградуваа своите знаења на темата демократија, преку едукативни и интерактивни вежби. Воедно се запознаа со работата на Сојузот на средношколци во Македонија од страна на актуелниот младински амбасадор од Прилеп. Се запознаа со концептите за стереотипите и за тоа како се создаваат предрасудите и учеа за важноста на идентитетот на секоја личност.

### КОРИСТЕНИ АЛАТКИ:

Групни и индивидуални активности каде младите се запознаваа со темата преку споделување на нивните размислувања и дебатирање за тоа како тие ги гледаат другите и како другите ги гледаат нив, каква и која е нивната улога и преку забавен начин формираа нивни погледи. Младите се опишуваа самите себе и едни со други, а потоа ги споредуваа нивните резултати. Со тоа младите ги развиваа нивните социјални компетенции, кои ќе им користат во нивниот секојдневен живот и во одделението и во училиштето во кое учат, како целина.





## РАБОТИЛНИЦА „ЕВРОПСКИ ВРЕДНОСТИ“

Преку работилницата младите учесници ги надоградуваа своите знаења на темата европски вредности, преку едукативни и интерактивни вежби. Младите се едуцираа за важноста на разликата помеѓу вредности и норми. Беа информирани за тоа како вредностите може да се менуваат, исто како и општествата и затоа вредностите мора да се обновуваат и дискутираат одново секој пат.

### КОРИСТЕНИ АЛАТКИ:

Групни и индивидуални активности каде младите се запознаваа со темата преку споделување на нивните размислувања и дебатираа.
Последователно на презентацијата се отвори дискусија за колку од овие вредности се присутни во нашата локална средина и во нашиот град, со цел да се стават во позиција учесниците да размислуваат на локално ниво за теми од интернационален карактер и обем.



## РАБОТИЛНИЦА „КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ“

Преку работилницата младите се едуцираа за тоа што се климатски промени и како настануваат, кои се директните последици од климатските промени на краток и долг рок, но најважно од се како да ги ублажиме последиците од климатските промени. Младите свој придонес дадоа и преку своите ставови и мислења за тоа како може да ги ублажиме последиците од активностите на граѓаните, на локално ниво, кои влијаат штетно врз нашата средина.

### КОРИСТЕНИ АЛАТКИ:

Групни и индивидуални активности каде младите се запознаваа со темата преку споделување на нивните размислувања и дебатираа.
Последователно на презентацијата се отвори дискусија за колку од овие промени се присутни во нашата локална средина и во нашиот град, со цел да се ставаат во позиција учесниците да размислуваат на локално ниво за теми од интернационален карактер и обем.











## ЗАВРШЕН НАСТАН

На завршниот настан беа презентирани спроведените активности и темите кои младите локални волонтери ги имплементираа со поддршка од Коалиција на младински организации СЕГА, како и официјално се промовира Позицискиот Документ кој се креира во рамки на проектот.

На настанот, младите локални волонтери имаа можност да ја промовираат улогата и важноста на волонтерската работа, со посебен фокус на локално ниво и како може да придонесат младите со свои идеи за нови активности.

Воедно, на настанот беше присутен и претставник од локалната самоуправа, обезбеди дополнителна поддршка и ги информираше младите за улогата на локалниот младински совет, кој како тело има улога да ги поддржува и вклучува младите на локално ниво.

***Е-документот со најдобри практики е подготвен во рамки на проектот „Одржлива средина и ефективен развој за младите“. Проектот е финансиски поддржан од Националната Агенција за Европски образовни програми и мобилност, преку Европски Солидарен Корпус.***

European Commission

ЕВРОПСКИ СОЛИДАРЕН КОРПУС

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk